# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 4 Год. LXV Сабота, 10 јануари 2009 Цена на овој број е 190 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

СОДРЖИНА

Стр.

89. **Решение** за распишување избор за претседател на Република Македонија 2
90. **Решение** за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје.................. 2
91. **Закон** за следење на комуникациите **(Пречистен текст)**............................... 2
92. **Одлука** за помилување на осудени лица........................................................ 8
93. **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција............................................. 9
94. **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................. 9
95. **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................. 9
96. **Решение** за давање одобрение за основање на друштво за управување со фондови................................................. 9
97. **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда........... 10
98. **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда........... 10
99. **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................. 11
100. **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................. 11

Стр.

101. **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда........... 11
102. **Заклучок** од Комисијата за хартии од вредност................................................. 12
103. **Одлука** за избор на претседател на Апелационен суд Штип............................. 12
104. **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. 12
105. **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. 12
106. **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. 12
107. **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. 13
108. **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. 13
109. **Решение** за спроведување на избор на член на Судскиот совет на Република Македонија од редот на судиите кои не се мнозинство во Република Македонија 13
110. **Одлука** за распишување на јавен тендер за доделување на 2 (две) одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1720-1785 MHz/1815-1880 MHz........... 13
111. **Одлука** за распишување на јавен тендер за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1800-1805 MHz 15
112. **Одобрение** од Агенцијата за електронски комуникации............................ 16

**Огласен дел**.......................................... 1-64

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**89.**

Врз основа на член 67 став 4 од Уставот на Република Македонија и член 12 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр. 40/2006 и 136/2008), претседателот на Собранието на Република Македонија на 10 јануари 2009 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОР ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Се распишува избор за претседател на Република Македонија.

II

Изборот ќе се одржи на 22 март 2009 година.

III

Роковите за извршување на изборните дејствија почнуваат да течат од денот на објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Македонија”.

IV

Решението ќе го спроведат Државната изборна комисија, општинските изборни комисии и избирачките одбори.

V

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-145/1
10 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**90.**

Врз основа на член 12 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр. 40/2006 и 136/2008) претседателот на Собранието на Република Македонија на 10 јануари 2009 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И СОВЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

I

Се распишуваат избори за членови на советите на општините и Советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје.

II

Изборите ќе се одржат на 22 март 2009 година.

III

Роковите за извршување на изборните дејствија почнуваат да течат од денот на објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Македонија”.

IV

Решението ќе го спроведат Државната изборна комисија, општинските изборни комисии, за Град Скопје Изборната комисија на Град Скопје и избирачките одбори.

V

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-146/1
10 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

## ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**91.**

Врз основа на член 30 од Законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2008), Законодавно-правната комисија на седницата одржана на 26 декември 2008 година, го утврди Пречистениот текст на Законот за следење на комуникациите.

Пречистениот текст на Законот за следење на комуникациите ги опфаќа: Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/2006) и Законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2008).

Бр. 10-100/1
8 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на
Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република Македонија,
**Благородна Дулиќ**, с.р.

### З А К О Н
### ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ
### (Пречистен текст)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и постапката за следење на комуникациите, начинот на постапување, чување и користење на добиените информации и податоци со примената на овој закон и контролата на законитоста на следењето на комуникациите.

Член 2

Никој не смее без наредба на надлежен суд да врши следење на комуникациите, освен ако му се наменети или постои согласност на лицето или лицата кои се вклучени во комуникацијата.

Член 3

Производство, нудење на продажба, продажба, увоз, извоз, реекспорт или држење на средства за следење на комуникации не може да се врши без одобрение што го издава Министерството за внатрешни работи.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава врз основа на поднесено писмено барање, во прилог на кое е доставена техничка спецификација на видот и карактеристиките на средствата кои можат да бидат наменети за следење на комуникациите.

Правните лица кои поднесуваат барање за држење на средства за следење на комуникациите во својство на давател на телекомуникациски услуги, покрај техничката спецификација од ставот 2 на овој член доставуваат и податоци за нивната електронска комуникациска мрежа и безбедносен сертификат за правни лица.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање одобрение, подносителот на барањето има право на судска заштита.

Одобрението и барањето од ставот 2 на овој член, како и документите и другите материјали доставени во врска со нив, претставуваат класифицирана информација со соодветен степен на класификација, согласно прописите за класифицирани информации.

Одобрението од ставот 2 на овој член ќе се одземе кога ќе се утврди дека:

- повеќе не се исполнети условите врз основа на кои било издадено одобрението и
- правното лице го злоупотребува одобрението за вршење неовластено следење на комуникациите.

Одобрението издадено од Министерството за внатрешни работи ќе биде поништено кога ќе се утврди дека било издадено врз основа на неточни или непотполни податоци, а подносителот на барањето знаел или требало да знае дека податоците се неточни или непотполни.

Член 4

Податоците собрани со овластено следење на комуникациите и регистрите во врска со нив, претставуваат класифицирани информации со соодветен степен на класификација, согласно прописите за класифицирани информации.

Во текот на постапката, се врши декласификација на податоците од ставот 1 на овој член, доколку се исполнети условите утврдени со посебен закон.

Член 5

Следење на комуникациите се остварува под услови определени со овој закон, на начин и во постапка со која не се загрозуваат човековите слободи и права што не се предмет на ограничување согласно со овој закон.

Следење на комуникациите може да трае само одредено време, што е потребно за собирање на податоци заради остварување на целите на следењето, определени со овој закон.

Член 6

Лицето чија комуникација е следена има право да ја оспорува автентичноста на собраните податоци и законитоста на постапката за следење на неговите комуникации, во постапка утврдена со Законот за кривичната постапка на Република Македонија.

Член 7

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) комуникација - секоја непосредна конверзација и секој пренос на човечки глас, на знаци, сигнали, пишуван текст, слики, звуци, бази на податоци или информации од каква било природа;

2) следење на комуникациите - тајно дознавање на содржината на која и да е комуникација меѓу луѓето и истовремено создавање технички запис за содржината на комуникацијата, со можност да се репродуцира;

3) средства за следење на комуникациите - електронско, механичко или друго средство со чија помош може да се дознае или сними содржината на која и да е комуникација меѓу луѓето;

4) телекомуникациски систем - средства, уреди, инструменти и медиум за пренос;

5) телекомуникациска услуга - секоја услуга што им обезбедува на корисниците можност да испратат или примаат знаци, сигнали, пишуван текст, слики, звуци, бази на податоци или информации од која било природа, пренесени во целост или само во некој дел преку телекомуникацискиот систем;

6) давател на телекомуникациски услуги - овластено правно лице или повеќе правни лица кои на Министерството за внатрешни работи ги прават достапни услугите на јавниот телекомуникациски систем или обезбедуваат пристап до истиот, заради негово користење;

7) овластени органи за следење на комуникациите - Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Министерството за одбрана е овластен орган за следење на комуникациите само во делот на фрекфентниот спектар на радио бранови на високи, многу високи и ултра високи фрекфенции (HF, VHF и UHF) кои се одредени за потребите на одбраната.

## II. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ГОНЕЊЕ НА СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА

Член 8

Судот може да нареди следење на комуникациите кога постојат основи на сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е сторено кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, како и за кривични дела за кои постојат основи на сомневање дека се подготвуваат, во тек е извршување или е сторено кривично дело од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, заради обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се обезбедат или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми тешкотии.

Заради обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се обезбедат или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми тешкотии, судот може да нареди следење на комуникациите и за кривичните дела од Кривичниот законик:

- неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од членот 215,
- изнуда од членот 258,
- уцена од членот 259,
- перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273,
- криумчирање од членот 278,
- царинска измама од членот 278-а,

- злоупотреба на службената положба и овластување од членот 353,
- проневера во службата од членот 354,
- измама во службата од членот 355,
- послужување во службата од членот 356,
- примање поткуп од членот 357,
- давање поткуп од членот 358,
- противзаконито посредување од членот 359,
- незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а,
- злосторничко здружување од членот 394,
- терористичка организација од членот 394-а,
- тероризам од членот 394-б,
- кривични дела против државата (Глава XXVIII) и
- кривични дела против човечноста и меѓународното право (Глава XXXIV),

како и за кривични дела сторени преку средствата за електронска комуникација.

Член 9

Барање за донесување наредба за следење на комуникациите врз основа на членот 8 на овој закон, до судот поднесува надлежниот јавен обвинител по сопствена иницијатива или на предлог на овластено лице од министерот за внатрешни работи.

Член 10

Барањето за следење на комуникациите се поднесува до надлежниот истражен судија во писмена форма и содржи податоци за:

1) органот кој го поднесува барањето за следење на комуникациите;

2) податоци за физичкото лице или одговорното лице во правното лице за чии комуникации се бара да бидат предмет на следење доколку е познато;

3) податоци со кои поблиску ќе се определи предметот на следење-таргетот (број на телефонска или друга корисничка линија, е-маил адреса и слично) за кое постојат основи на сомневање дека се користи за комуникација, во случај кога сторителот не е познат;

4) основите на сомневање за кривичното дело за кое се бара следење на комуникациите;

5) опис на кривичното дело;

6) причините поради кои податоците и доказите на друг начин не можат да се обезбедат или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми тешкотии;

7) видот на комуникациите чие следење се бара и

8) времето за кое се бара следење на комуникациите.

Доколку е неопходно да се влезе во дом или други простории или во превозни средства, заради инсталирање, одржување, употреба и отстранување на средства за следење на комуникациите, во барањето од ставот 1 на овој член, тоа се наведува како посебен предлог.

Член 11

За барањето за следење на комуникациите истражниот судија одлучува најдоцна во рок од 72 часа од поднесувањето на барањето.

Ако истражниот судија не се согласи со барањето за следење на комуникациите, се постапува согласно со одредбите на Законот за кривичната постапка со кои е регулирана постапката во случај кога истражниот судија не се согласува со предлог на јавниот обвинител.

Член 11-а

По исклучок, од член 11 на овој закон, во итни случаи, кога постои опасност од предизвикување ненадоместлива штета за успешно водење на кривичната постапка, истражниот судија може да издаде усна наредба со која ќе дозволи следење на комуникациите за време од 48 часа, врз основа на поднесено усно барање за следење на комуникациите од страна на надлежниот јавен обвинител.

За поднесеното усно барање за следење на комуникациите од надлежниот јавен обвинител и издадената усна наредба, истражниот судија изготвува службена белешка, што се евидентира во судскиот регистар.

За поднесеното усно барање за следење на комуникациите и издадена усна наредба, надлежниот јавен обвинител:

- веднаш го известува Министерството за внатрешни работи за спроведување на усната наредба,
- изготвува службена белешка и
- веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по добиената усна наредба, доставува писмено барање до истражниот судија, согласно со членот 10 на овој закон.

Министерството за внатрешни работи врз основа на добиеното усно известување од надлежниот јавен обвинител, за спроведување на усно издадена наредба, изготвува службена белешка и веднаш презема мерки за спроведување на наредбата.

Врз основа на поднесеното писмено барање од ставот 3 алинеја 3 на овој член, истражниот судија ќе донесе наредба за следење на комуникациите, најдоцна во рок од 24 часа од неговото поднесување, доколку врз основа на фактите и околностите содржани во барањето оцени дека се исполнети условите од членот 8 на овој закон.

Со наредбата за следење на комуникациите од ставот 5 на овој член, судот ќе дозволи следење на комуникациите за време што е неопходно потребно, но не подолго од 30 дена, вклучувајќи го и времето од 48 часа за кое е издадена усната наредба.

Ако истражниот судија не се согласи со писменото барање од ставот 3 алинеа 3 на овој член, по барањето одлучува кривичниот совет на надлежниот суд согласно со Законот за кривичната постапка.

Ако во рок од 24 часа од усно издадената наредба, надлежниот јавен обвинител не достави писмено барање до истражниот судија, ќе се смета дека не е издадена наредба за следење на комуникациите, што судијата го констатира во службена белешка.

Во случај од ставот 8 на овој член, како и во случај кога кривичниот совет на надлежниот суд го одбил барањето за следење на комуникациите, следењето на комуникациите што се врши врз основа на претходно издадената усна наредба се прекинува врз основа на известување од надлежниот јавен обвинител, а податоците собрани со следењето врз основа на издадената усна наредба, се ништат, согласно со членот 26 на овој закон.

Членот 12 се брише.

Член 13

Наредбата за следење на комуникациите содржи податоци за:

1) органот на чие барање се наредува следење на комуникациите;

2) идентитетот на физичкото лице или одговорното лице во правното лице чии комуникации ќе бидат предмет на следење, доколку се познати;

3) податоци со кои поблиску ќе се определи предметот на следење-таргетот (број на телефонска или друга корисничка линија, е-маил адреса и слично) за кое постојат основи на сомневање дека се користи за комуникација, во случај кога сторителот не е познат;

4) основите на сомневање за кривичното дело;

5) правна квалификација на кривичното дело;

6) причините поради кои податоците и доказите на друг начин не можат да се обезбедат или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми тешкотии;

7) видот на комуникациите што ќе бидат предмет на следење;

8) времето за кое се дозволува следењето на комуникациите и

9) рокот во кој по извршеното следење на комуникациите податоците се предаваат во судот.

Ако во барањето за следење на комуникациите е наведен посебен предлог од членот 10 став 2 на овој закон, наредбата за следење на комуникациите содржи и податоци за домот, другите простории или превозните средства каде што ќе се врши инсталирање, одржување, употреба и отстранување на средствата за следење на комуникациите.

Членот 14 се брише.

Член 15

Со наредбата за следење на комуникациите истражниот судија ќе дозволи следење на комуникациите за време што е неопходно потребно, но не подолго од 30 дена сметано од денот на нејзиното донесување.

Пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член, доколку овластеното лице од членот 9 на овој закон оцени дека има потреба да се продолжи со следење на комуникациите, должно е до надлежниот јавен обвинител да достави посебен извештај во кој ќе ги наведе резултатите од следењето на комуникациите со предлог за продолжување на рокот за следење на комуникациите, во кој посебно ќе ги образложи причините поради кои се предлага продолжувањето.

Ако надлежниот јавен обвинител се согласи со предлогот од ставот 2 на овој член или по сопствена иницијатива оцени дека е потребно да се продолжи со следење на комуникациите, пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член должен е писмено да го извести истражниот судија за резултатите од следењето на комуникациите со предлог за негово продолжување со посебно образложение за причините поради кои се предлага продолжување на рокот за следење на комуникациите.

Во случај кога надлежниот јавен обвинител предлага продолжување на рокот за следење на комуникациите пред неговото истекување, истражниот судија може, пред истекот на тој рок да донесе наредба за продолжување на рокот за следење на комуникациите, за време не подолго од 30 дена од денот на истекот на рокот, чие продолжување се предлага.

Продолжување на следење на комуникациите може да се дозволи и по истекот на рокот од ставот 1 на овој член. Во тој случај, јавниот обвинител, по сопствена иницијатива или на предлог на овластеното лице од членот 9 на овој закон должен е до истражниот судија да достави писмен предлог за продолжување на рокот за следење на комуникациите, во кој посебно ќе ги образложи причините поради кои се предлага продолжувањето.

Во случај кога надлежниот јавен обвинител предлага продолжување на рокот за следење на комуникациите по истекот на рокот од ставот 1 на овој член, истражниот судија може најдоцна во рок од три дена од денот на поднесување на предлогот да донесе наредба за продолжување на рокот за следење на комуникациите, за време не подолго од 30 дена.

Истражниот судија може да дозволува продолжување на рокот за следење на комуникациите, најмногу во вкупно траење од една година, сметајќи го и времето определено со првата наредба издадена за следење на комуникациите.

Во случај на несогласување на истражниот судија со предлогот за продолжување на рокот за следење на комуникациите, се постапува согласно со членот 11 став 2 од овој закон.

Член 16

Издадената наредба за следење на комуникациите судот веднаш ја доставува до надлежниот јавен обвинител.

Член 17

Наредбата за следење на комуникациите од членот 16 на овој закон, надлежниот јавен обвинител веднаш ја доставува до министерот за внатрешни работи.

Врз основа на доставената наредба од ставот 1 на овој член, министерот за внатрешни работи со решение определува овластено службено лице, одговорно за спроведување на издадената наредба.

Член 18

За време на спроведувањето на наредбата за следење на комуникациите, надлежниот јавен обвинител континуирано ги следи дејствијата што се преземаат во врска со спроведување на наредбата и врши увид во сите податоци, списи и други материјали собрани со спроведување на наредбата.

Член 19

По истекот на рокот определен за следење на комуникациите, одговорното лице од членот 17 на овој закон изготвува и своерачно потпишува посебен извештај во кој се наведува бројот на издадената наредба за следење на комуникациите врз основа на која се следеле комуникациите, податоци во врска со комуникациите што се следени (број на телефонска или друга корисничка линија, е-маил адреса, имиња на лицата помеѓу кои се одвивала комуникацијата што се следела, датум и час за секоја комуникација што била следена и слично), транскрипција, односно писмен запис на комуникацијата што се следела и реден број на преносниот медиум (ЦД, ДВД и слично) на следената комуникација. Комуникацијата што се одвива на друг јазик различен од македонскиот јазик се преведува на македонски јазик и неговото кирилско писмо од страна на преведувач.

Преносните медиуми од ставот 1 на овој член се ставаат во запечатена обвивка.

Посебниот извештај од ставот 1 на овој член се доставува до истражниот судија, во рокот определен со наредбата за следење на комуникациите.

Копија од посебниот извештај од ставот 1 на овој член, со преносните медиуми од ставот 2 на овој член, се доставуваат и до надлежниот јавен обвинител, кој преносните медиуми во запечатена обвивка ги чува во специјализирани простории на Јавното обвинителство.

Членот 20 се брише.

Член 21

Судот може да нареди во кривичната постапка запечатената обвивка од членот 19 став 3 на овој закон да се отвори ако доказите добиени на овој начин треба да бидат употребени во кривична постапка пред судот.

За секое отворање на запечатената обвивка се составува записник.

Член 22

Надлежниот јавен обвинител, врз основа на посебниот извештај од членот 19 на овој закон и другите расположиви докази и податоци цени дали ќе поднесе барање за спроведување на истрага.

Во случај кога надлежниот јавен обвинител нема да поднесе барање за спроведување на истрага, материјалите собрани со следење на тие комуникации во запечатена обвивка се архивираат и се чуваат во специјализирани простории во Јавното обвинителство на начин и под услови утврдени со прописите за класифицирани информации, се до истекот на законски утврдениот рок за застареност на кривичното гонење за делото за кое било наредено следење на комуникациите.

По истекот на рокот од ставот 2 на овој член, податоците се ништат согласно членот 26 од овој закон.

Член 23

Ако податоците собрани со следење на комуникациите, до донесување на решение за спроведување на истрага или податоците што се уништени се објават во јавноста, граѓанинот кој поради тоа претрпел штета има право на судска заштита.

Средствата за надоместок на штетата од ставот 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 24

По донесувањето на решение за спроведување на истрага, судот го запознава лицето чија што комуникација е следена со посебниот извештај од членот 19 на овој закон во врска со следењето на неговите комуникации.

Во случајот од ставот 1 на овој член, посебниот извештај за следење на комуникациите нема да му биде даден на запознавање за обвинетиот, се додека во него не се направи нечитлив делот кој спрема мислењето на јавниот обвинител може:

1) да ја загрози природата и текот на истрагата;

2) да ги загрози лицата кои на кој било начин учествувале во преземање на определени активности и дејствија во врска со следењето на комуникациите и

3) да ги загрози интересите на други лица кои не се инволвирани во дејствијата.

Член 25

Податоците собрани со следење на комуникациите не можат да се употребат како доказ во кривичната постапка, кога следењето е извршено спротивно на условите или постапката утврдени со овој закон, како и кога следењето не е извршено во согласност со одредбите на Законот за кривичната постапка.

Во случаите од ставот 1 на овој член, податоците се ништат согласно членот 26 од овој закон, освен во случај кога тие податоци содржат елементи на друго кривично дело.

Член 25-а

Оригиналниот материјал добиен со спроведување на наредбата за следење на комуникациите се чува во специјализирани простории во Министерството за внатрешни работи.

Материјалот од ставот 1 на овој член се чува се до донесување на правосилна пресуда во кривичната постапка во која тој материјал се користел како доказ, а потоа се ништат согласно членот 26 од овој закон.

Член 26

Податоците добиени со следење на комуникациите се ништат во случај од членот 22 став 3, членот 25 став 2 и членот 25-а став 2 на овој закон.

Решение за ништење на податоците од ставот 1 на овој член донесува надлежниот судија врз основа на посебно барање.

Барањето од ставот 2 на овој член го доставува надлежниот јавен обвинител или заинтересираното лице.

Ништењето на податоците го врши судија определен од претседателот на судот каде е водена кривичната постапка во која се користени тие податоци.

За извршеното ништење, судијата изготвува извештај.

Член 27

Податоците собрани со следење на комуникациите можат да бидат употребени како доказ и во кривична постапка за друго кривично дело од членот 8 на овој закон, различно од она за кое е наредено следењето.

Член 28

Лицето чијашто комуникација била следена спротивно на одредбите на овој закон, има право на надомест на штета.

За надоместување на штетата од ставот 1 на овој член одлучува судот што донел наредба за следење на комуникациите, во итна постапка, што не може да трае подолго од три месеца.

Против одлуката на судот од ставот 2 на овој член оштетениот има право на жалба до повисокиот суд во рок од осум дена од нејзиниот прием. Второстепениот суд одлучува по жалбата во рок од осум дена од нејзиното поднесување.

Надоместување на штетата се врши од Буџетот на Република Македонија.

## III. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ ЗАРАДИ ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ОДБРАНАТА НА ЗЕМЈАТА

### Член 29

Судот може да нареди следење на комуникациите кога постојат основи на сомневање дека се подготвува извршување на кривично дело против државата, против вооружените сили или против човечноста и меѓународното право.

Освен во случаите од ставот 1 на овој член, судот може да нареди следење на комуникациите и кога се подготвува, поттикнува, организира или учествува во вооружен напад против Република Македонија или во онеспособување на нејзиниот безбедносен систем да ги врши своите функции, кога на друг начин не можат да се обезбедат податоци за таквата активност или нивното обезбедување би било сврзано со поголеми тешкотии за да се спречи извршувањето на кривичното дело, вооружениот напад или онеспособувањето на безбедносниот систем.

Кога во текот на следењето на комуникациите согласно со ставовите 1 и 2 на овој член, ќе се стекнат сознанија за кривично дело од членот 8 на овој закон, дотогаш собраните податоци можат да се користат како доказ во кривичната постапка и постапката продолжува согласно со одредбите од овој закон.

### Член 30

Барање за донесување наредба за следење на комуникациите врз основа на членот 29 на овој закон може да поднесе министерот за внатрешни работи или лице овластено од него, како и министерот за одбрана или лице овластено од него.

Барањето за следење на комуникациите поднесено согласно со членот 29 став 2 на овој закон, покрај податоците од членот 10 на овој закон мора да содржи и посебно образложение за причините поради кои се поднесува барањето.

Барањето за следење на комуникациите од ставот 1 на овој член се поднесува до судијата на Врховниот суд на Република Македонија, одреден со внатрешниот распоред на судот.

### Член 31

Судијата на Врховниот суд ќе донесе наредба за следење на комуникациите доколку врз основа на фактите и околностите во барањето оцени дека се исполнети условите од членот 29 на овој закон, најдоцна во рок од 72 часа од поднесувањето на барањето.

По исклучок од ставот 1 на овој член, на посебно образложен предлог за итност на донесувањето на наредбата, судијата на Врховниот суд ќе донесе наредба за следење на комуникациите најдоцна во рок од 5 часа од поднесувањето на барањето.

Ако судијата не се согласи со барањето за донесување на наредбата за следење на комуникациите, писмено ќе го извести подносителот во рок од 24 часа од поднесувањето на барањето.

Во случај на итност од ставот 2 на овој член, ако судијата не се согласи со барањето за донесување на наредбата за следење на комуникациите писмено ќе го извести подносителот во рок од 6 часа од поднесувањето на барањето.

Ако судијата на Врховниот суд не се согласи со барањето за донесување на наредба за следење на комуникациите, подносителот на барањето може да поднесе приговор до Врховниот суд во рок од 24 часа од известувањето за несогласувањето.

По приговорот од ставот 5 на овој член, во рок од 24 часа од неговото поднесување решава совет од тројца судии на Врховниот суд, во кој не може да членува судијата што одлучувал по барањето за донесување на наредба за следење на комуникациите.

### Член 32

Во постапката за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на земјата соодветно се применуваат одредбите на членовите 10 и 13 на овој закон.

### Член 33

Со наредбата за следење на комуникациите, судијата на Врховниот суд ќе дозволи следење на комуникациите за време што е неопходно потребно, но не подолго од шест месеци.

Пред и по истекот на рокот од ставот 1 на овој член, врз основа на дополнителен образложен предлог, судијата може да нареди следењето на комуникациите да биде продолжено најмногу до две години, сметајќи го и времето определено со првата наредба.

Во случај кога судијата не се согласува со дополнителниот предлог за донесување на наредба за продолжување на следење на комуникациите, подносителот на предлогот може да поднесе приговор до Врховниот суд, во рок од 24 часа од известувањето за несогласувањето.

По приговорот од ставот 3 на овој член, се постапува согласно со членот 31 став 6 на овој закон.

### Член 34

Податоците за лицето собрани со извршувањето на наредбата за следење на комуникациите се чуваат во Министерството за внатрешни работи, односно во Министерството за одбрана под посебен режим, најдолго пет години по истекот на времето определено со наредбата.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, податоците и сите материјали во врска со извршувањето на наредбата за следење на комуникациите се ништат под надзор на судијата кој ја донел наредбата и за ништењето се составува записник во кој се регистрира само бројот на судската наредба. Истовремено, во судскиот регистар се ништат сите податоци за лицето на кое се однесувала наредбата.

Записникот од ставот 2 на овој член се изготвува во два примерока, од кои по еден примерок за судот и за подносителот на барањето за следење на комуникациите.

## IV. НАДЗОР И КОНТРОЛА

### Член 35

Надзор над спроведувањето на мерките од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана врши Собранието на Република Македонија.

Член 36

За вршење на надзорот од членот 35 на овој закон Собранието на Република Македонија од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија, основа Комисија составена од претседател, четири члена, заменик претседател и четири заменици членови.

Претседателот на Комисијата од ставот 1 на овој член е од редот на политичката партија во Собранието на Република Македонија во опозиција, што на последните избори за пратеници освоила најмногу гласови, двајца членови на Комисијата се од редот на политичките партии на власт и двајца членови се од редот на политичките партии во опозиција во Собранието на Република Македонија.

Член 37

За извршениот надзор над законитоста на спроведувањето на мерките од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана Комисијата поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија во рок од два месеца по завршувањето на тековната година.

Член 38

Комисијата донесува Деловник за својата работа, со кој се уредуваат прашањата за постапката и начинот на работата на Комисијата.

Член 39

Контрола над спроведувањето на одредбата на членот 3 на овој закон врши Министерството за внатрешни работи.

IV – а. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 39-а

Глоба во износ од 7% до 10% од вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако произведува, нуди на продажба, продава, врши увоз, извоз, реекспорт или држи средства за следење на комуникации без одобрение на Министерството за внатрешни работи.

За прекршокот од став 1 на овој член, глоба во износ од 6.000 до 10.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице и на трговец поединец.

Средствата наменети за следење на комуникации ќе се одземат.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

Државните органи и правните лица кои вршат производство, нудење на продажба, продажба и држење на средства за следење на комуникациите, се должни своето работење да го усогласат согласно со одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 41

Собранието на Република Македонија, Комисијата од членот 36 на овој закон ќе ја основа во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 42

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

---

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**92.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Ристе Владе Ристески, од Охрид,
2. Ќемал Рами Мемај, од с. Џаферај-Кукс, Република Албанија.

II

Извршувањето на казната затвор му се замени со условна осуда за време од 1 година на осуденото лице:

1. Решат Идриз Сулејмани од Скопје, во траење од 3 месеци.

III

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 2 години на осудените лица:

1. Марјан Драги Крстев од Скопје, во траење од 6 месеци,
2. Александар Илија Јакимоски од Охрид, во траење од 6 месеци.

IV

Извршувањето на казната затвор и се замени со условна осуда за време од 3 години на осудената:

1. Марика Ѓорѓи Ѓеоргиева од Струмица, во траење од 6 месеци.

V

Делумно се ослободи од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осуденото лице:

1. Василчо Симеон Граматиковски од Скопје, во траење од 6 месеци.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4
9 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**93.**

Врз основа на член 10 од Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31 декември 2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА**

1. За директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција, орган во состав на Министерството за економија се именува Реџеп Беџети, дипл. машински инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-7209/1 Претседател на Владата
31 декември 2008 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

**94.**

Врз основа на член 43 став 2 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија” бр. 09/2000 и 29/2007), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 19.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статутот УЗП бр. 10505/08 од 15.12.2008 година на Друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје, донесен на ден 27.08.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-3453/9 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

---

**95.**

Врз основа на член 44 став 1 точка 3 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија” бр. 09/2000 и 29/2007) и член 184 став 1 точка и) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 19.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност за именување на лицата:

- Горан Марковски, роден на ден 10.10.1975 година во Скопје, за извршен член на Одборот на директори односно Извршен директор на друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД - во основање Скопје;
- Дена Чендак, роден на ден 27.04.1968 година во Љубљана, Република Словенија, за неизвршен член на Одборот на директори на друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД - во основање Скопје;
- Алеш Шкерлак, роден на ден 17.09.1977 година во Мурска Собота, Република Словенија, за неизвршен член на Одборот на директори на друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД - во основање Скопје и
- Методија Несторовски, роден на ден 10.08.1951 година во с.Селце, Гостивар, за независен неизвршен член на одборот на директори на друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД - во основање Скопје.

2. Согласноста за именување на лицата од точка 1 на ова решение се дава за периодот до одржувањето на првото годишно собрание на Друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје, согласно Статутот УЗП бр. 10505/08 од 15.12.2008 година на Друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје, донесен на ден 27.08.2008 година.

3. Ова решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение со денот на разрешување на лицата од точка 1 на ова решение од функцијата членови на Одборот на директори на Друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-3453/10 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

---

**96.**

Врз основа на член 44 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија” бр. 09/2000 и 29/2007) Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 19.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ**

1. Се дава одобрение за основање на Друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје, со седиште на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр.50 во Скопје, Република Македонија.

2. Основната главнина на Друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје изнесува 500.000 евра односно 30.586.450,00 денари пресметано по среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

3. Друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје има единствен предмет на работење - основање и управување со отворени и затворени инвестициони фондови, во свое име и за сметка на сопствениците на документите за удели на отворените фондови односно во име и за сметка на акционерите во затворените фондови.

4. Друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје ќе основа и ќе управува со два отворени инвестициони фондови во свое име и за сметка на сопствениците на документи на удели во отворените фондови.

5. Друштвото за управување со фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД Скопје е должно до Комисијата за хартии од вредност да достави извод од извршената регистрација во рок од петнаесет дена по извршениот упис во Трговскиот регистар.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-3453/11 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

---

**97.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007 и 07/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 19.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА**

1. На Акционерското друштво за осигурување Граве Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - трета емисија на 2.064 обични акции во вкупен износ на емисијата од 2.064.000 евра, односно 126.737.856 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесување на Одлука број 429-1/2008 од 28.11.2008 година за зголемување на основната главнина на друштвото и Одлука број 430-1/2008 од 28.11.2008 година за III емисија на хартии од вредност.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот, Одлуката број 429-1/2008 од 28.11.2008 година за зголемување на основната главнина на друштвото и Одлуката број 430-1/2008 од 28.11.2008 година за III емисија на хартии од вредност.

3. Рокот за реализација на емисијата на акции од точка 1 на ова Решение изнесува 15 (петнаесет) календарски дена од конечноста на ова Решение.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 8 (осум) дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од 3 (три) работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

6. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 5 (пет) работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот на хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

8. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4760/4 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова**, с.р.

---

**98.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 19.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА**

1. На Национална групација за осигурување Осигурителна полиса АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - четврта емисија на 110.000 обични акции во износ од 1.100.000 евра односно 67.541.980 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина и на одлуката за издавање акции од четврта емисија по пат на приватна понуда.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот, Одлуката бр. 02-8844 од 03.12.2008 година за издавање на акции од IV емисија по пат на приватна понуда и Одлуката бр. 03-8843 од 04.12.2008 година за зголемување на основната главнина, донесени на ден 03.12.2008 година од Собранието на акционери на Друштвото.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4875/ 5 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

**99.**

Врз основа на член 43 став 2 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија” бр. 09/2000 и 29/2007), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 19.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на измените и дополнувањата на Статутот на Друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје донесени врз основа на Одлука бр.03-75, донесена на 25.11.2008 година за измена на Статутот на друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје од страна на Собранието на друштвото.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје да изготви пречистен текст на Статутот на друштвото и истиот го достави до Комисијата за хартии од вредност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.07-4911/3 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

**100.**

Врз основа на член 44 став 1 точка 3 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија” бр.09/2000, 29/2007), член 184 став 1 точка и) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007 и член 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 19.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава согласност за именување на лицата:

- Велко Велковски, роден на ден 02.12.1977 година во Скопје, Република Македонија, за извршен член на Одборот на директори на друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје и извршен директор на друштвото;

- Урош Лоренчич, роден на ден 15.04.1979 година во Птуј, Република Словенија, за неизвршен член на Одборот на директори на друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје;

- Петер Скварча, роден на ден 01.02.1975 година во Крањ, Република Словенија, за неизвршен член на Одборот на директори на друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје;

- Маја Парнарџиева, родена на ден 21.08.1976 година во Скопје, Република Македонија, за неизвршен член на Одборот на директори на друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје и

- Трајче Николовски, роден на ден 20.03.1949 година во Прилеп, Република Македонија, за неизвршен и независен член на Одборот на директори на друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје.

2. Согласноста за именување на лицата од точка 1 на ова решение се дава за период од 4 (четири) години, согласно Одлуката бр. 03-77 од 25.11.2008 година за избор на членови на Одборот на директори на друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје.

3. Ова решение престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение со денот на разрешување на лицата од точка 1 на ова решение од функцијата членови на Одборот на директори на Друштвото за управување со фондови САВА ИНВЕСТ АД Скопје, како и во други случаи утврдени со закон.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4911/4 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

**101.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 30.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА**

1. На Друштвото за осигурување Сигал Уника Груп Австрија АД Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - трета емисија на 975 обични акции во износ од 1.555.125 евра односно 95.458.393 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр. 078/08 од 19.12.2008 година за зголемување на основната главнина на Друштвото трета емисија.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-5064/5 Комисија за хартии од вредност
30 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

**102.**

Врз основа на член 44 став 1 точка 3 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија” бр. 09/2000 и 29/2007), член 1 став 2 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), а во врска со член 222 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/2005), Претседателот на Комисијата за хартии од вредност, на ден 29.12.2008 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Во точка 1, алинеја 2 од Решението на Комисијата за хартии од вредност број 07-3453/10 од 19.12.2008 година се врши исправка, при што зборот „Дена” се заменува со зборот „Деан”.

2. Во образложението на Решението на Комисијата за хартии од вредност број 07-3453/10 од 19.12.2008 година на третата страна во триесет и деветиот ред се врши исправка, при што зборот „Дена” се заменува со зборот “Деан”.

3. Овој заклучок произведува правно дејство од денот од кој произведува правно дејство Решението на Комисијата за хартии од вредност број 07-3453/10 од 19.12.2008 година што се исправа.

4. Овој заклучок ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-3453/13 Комисија за хартии од вредност
30 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**103.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 и член 47 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП**

1. За претседател на Апелациониот суд во Штип е избран:

1. Стојанче Рибарев – судија на Апелациониот суд Штип.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2676/1 Судски совет
30 декември 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

---

**104.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 32, член 47 став 1 алинеја 3 и член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006 година), на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Јовчевски Стефан, судија во Основен суд Скопје 1 Скопје, поради исполнување на условите за старосна пензија од 05.10.2008 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.07-2686/1 Судски совет
30 декември 2008 година на Република Македонија,
Скопје Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**105.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 32, член 47 став 1 алинеја 3 и член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006 година), на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Неделковски Љубе, судија во Апелационен суд Битола, поради исполнување на условите за старосна пензија од 07.12.2008 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.07-2685/1 Судски совет
30 декември 2008 година на Република Македонија,
Скопје Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**106.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 32, член 47 став 1 алинеја 3 и член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006 година), на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Агим Мифтари, судија во Врховен суд на Република Македонија, поради исполнување на условите за старосна пензија од 25.10.2008 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.07-2687/1 Судски совет
30 декември 2008 година на Република Македонија,
Скопје Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

**107.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 32, член 47 став 1 алинеја 3 и член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006 година), на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Арсенов Васил, судија во Основен суд Кочани, поради исполнување на условите за старосна пензија од 24.11.2008 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.07-2684/1
30 декември 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија,
Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**108.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 32, член 47 став 1 алинеја 3 и член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006 година), на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Пуздерлиев Трајчо, судија во Апелационен суд Штип, поради исполнување на условите за старосна пензија од 24.12.2008 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.07-2688/1
30 декември 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија,
Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**109.**

Врз основа на член 14 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006), Комисијата за спроведување на избор на член на Судскиот совет на Република Македонија од редот на судиите кои не се мнозинство во Република Македонија, на ден 30.12.2008 година го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ КОИ НЕ СЕ МНОЗИНСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Се спроведува избор на 1 (еден) член на Судскиот совет на Република Македонија од редот на судиите кои не се мнозинство во Република Македонија.

II

Изборот ќе се одржи на ден 28.01.2009 година.

III

Решението ќе го спроведе Комисијата за спроведување на избор на член на Судскиот совет на Република Македонија од редот на судиите кои не се мнозинство во Република Македонија.

IV

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-36/1
30 декември 2008 година
Скопје

Комисија за спроведување на избор на член на Судскиот совет на Република Македонија од редот на судиите кои не се мнозинство во Република Македонија
Претседател,
**Ведат Вели,** с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**110.**

Врз основа на член 14 точка а), а во врска со член 62 став 2 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008), Одлуката за давање на согласност на почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1720-1785 MHz/1815-1880 MHz, (″Службен весник на Република Македонија″ бр. 158/2008), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 29.12.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ЈАВЕН ТЕНДЕР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА 2 (ДВЕ) ОДОБРЕНИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ ОПСЕГ 1720-1785 MHZ/1815-1880 MHZ

Член 1

Се распишува јавен тендер за доделување на 2 (две) одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1720-1785 MHz/1815-1880 MHz со широчина 2x10 MHz.

Член 2

Предмет на јавниот тендер е доделување на 2 (две) одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1720-1785 MHz/1815-1880 MHz со широчина 2x10 MHz за обезбедување на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги на целата територија на Република Македонија, следните радиофреквенциски опсези:

1. B (1720 – 1730 MHz) и B’ (1815 – 1825 MHz), 2x10 MHz
2. C (1730 – 1740 MHz) и C’ (1825 – 1835 MHz), 2x10 MHz

Член 3

Право на учество на јавниот тендер за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука имаат сите домашни и странски правни лица - оператори на јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги кои ќе ја подигнат тендерската документација од член 10 на оваа одлука.

Член 4

Одобренијата за користење на радиофреквенции што се предмет на јавниот тендер се издаваат за време од 10 години со право на продолжување на важноста на одобрението на начин и постапка утврдена во Законот за електронските комуникации.

Член 5

Критериум за избор на најповолен понудувач за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука е:

- Висината на еднократниот надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции (ќе се вреднува со 100 поени).

Член 6

(1) Најнискиот почетен износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука изнесува 2.000.000,00 евра (два милиона евра) по одобрение.

(2) Понудувачите треба да достават банкарска гаранција во износ од 10% од висината на понудениот износ на еднократниот надоместок за довивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука со важност од 4 (четири) месеци од денот на отворањето на понудите.

Член 7

Понудувачот има право да поднесе една понуда за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука.

Член 8

(1) Рокот за доставување на понудите е 40 дена од денот на објавување на јавниот тендер во ″Службен весник на Република Македонија″.

(2) Понудата и придружната документација треба да се доставаат во еден оригинален примерок во писмена форма на македонски јазик, а техничките термини можат да бидат на англиски јазик, потпишани и заверени од одговорното лице на понудувачот.

(3) Понудата треба да се достави во затворен коверт во кој треба да се стават два затворени и запечатени коверти. Едниот внатрешен коверт ја содржи понудата и носи ознака ″ПОНУДА″, а другиот внатрешен коверт ја содржи документацијата и носи ознака ″ДОКУМЕНТАЦИЈА″.

(4) На предната страна на ковертот на горниот лев агол треба да биде испечатен текст ″НЕ ОТВОРАЈ″ и бројот кој се однесува на тендерот, а во средината на ковертот адреса на која треба да се достави понудата.

Член 9

(1) Јавното отворање на понудите ќе се изврши во просториите на Агенцијата за електронски комуникации на 18.02.2009 година во 11:00 часот.

(2) Претставниците на понудувачите кои ќе присуствуваат на јавното отворање на понудите, треба да и предадат на Комисијата за спроведување на јавниот тендер писмено овластување од понудувачот за учество на јавното отворање.

Член 10

Заинтересираните страни можат да ја добијат тендерската документација во архивата на Агенцијата за електронски комуникации секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот, почнувајќи од 12.01.2009 година, по уплата на износ од 500 евра (петстотини евра) во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на една од сметките на Агенцијата за електронски комуникации и тоа:

- за уплата во денари

Агенција за електронски комуникации

Жиро сметка: 210060052840142

Депонент Банка: Тутунска Банка АД Скопје

Даночен Број: МК4030005556148

- за уплата во евра

Agencija za elektronski komunikacii

Banka deponent: NLB Tutunska Banka

ul.12-ta Makedonska brigada br.20 Skopje, Republika Makedonija

IBAN MK 07 210 3 00000 2849 48

SWIFT address: TUTNMK 22

Член 11

(1) Лица за контакт од кои заинтересираните страни можат да добијат дополнителни информации исклучиво во писмена форма преку електронска пошта, се лицата вработени во Агенцијата за електронски комуникации:

Лилјана Денковска (за правни прашања) и

Миле Вељанов (за технички прашања)

e-mail: dcs1800@aec.mk

(2) Сите прашања и одговори во врска со јавниот тендер, ќе бидат објавувани анонимно на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации, со адреса www.aec.mk.

Член 12

Потребната придружна документација ќе биде поблиску специфицирана во тендерската документација.

Член 13

Понудувачите ќе бидат известени за донесената одлука по јавниот тендер во рок од 7 дена од нејзиното донесување.

Член 14

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.11-240/2 Агенција за електронски комуникации
29 декември 2008 година Комисија
Скопје Претседател,
**Софче Јовановска**, с.р.

**111.**

Врз основа на член 14 точка а), а во врска со член 62 став 2 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008), Одлуката за давање на согласност на почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1800-1805 MHz, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 153/2008), Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 29.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ЈАВЕН ТЕНДЕР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИОТ ОПСЕГ 1800-1805 MHZ**

Член 1

Се распишува јавен тендер за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1800-1805 MHz.

Член 2

Предмет на јавниот тендер е доделување на едно одобрение за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1800 - 1805 MHz, за широкопојасен безжичен пристап на целата територија на Република Македонија.

Член 3

Право на учество на јавниот тендер за доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука имаат сите домашни и странски правни и физички лица кои ќе ја подигнат тендерската документација од член 11 на оваа одлука и кои согласно Законот за електронските комуникации поседуваат или употребуваат јавни електронски комуникациски мрежи и обезбедуваат јавни електронски комуникациски услуги или имаат намера да градат или употребуваат јавни електронски комуникациски мрежи за обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги.

Член 4

Одобрението за користење на радиофреквенции што е предмет на јавниот тендер се издава за време од 10 години со право на продолжување на важноста на одобрението на начин и постапка утврдена во Законот за електронските комуникации.

Член 5

Критериуми за избор на најповолен понудувач за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука се:

- Висината на еднократниот надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции (ќе се вреднува со 20 поени);
- План на изградба на мрежата со временски рокови за реализација (ќе се вреднува со 80 поени).

Член 6

Понудувачите треба да дадат писмена изјава дека ќе започнат со работа во рок од 6 месеци од денот на добивањето на одобрението за користење на радиофреквенции, дека по една година ќе обезбедат најмалку 30% покриеност, по две години 60% покриеност а по три години 80% покриеност од населението во Република Македонија.

Член 7

(1) Најнискиот почетен износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука изнесува 30.000 евра (триесет илјади евра).

(2) Понудувачите треба да достават банкарска гаранција во износ од 10% од висината на понудениот износ на еднократниот надоместок за довивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука со важност од 4 (четири) месеци од денот на отворањето на понудите.

Член 8

Понудувачот има право да поднесе една понуда за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 2 на оваа одлука.

Член 9

(1) Рокот за доставување на понудите е 40 дена од денот на објавување на јавниот тендер во ″Службен весник на Република Македонија″.

(2) Понудата и придружната документација треба да се доставaт во еден оригинален примерок во писмена форма на македонски јазик, а техничките термини можат да бидат на англиски јазик, потпишани и заверени од одговорното лице на понудувачот.

(3) Понудата треба да се достави во затворен коверт во кој треба да се стават два затворени и запечатени коверти. Едниот внатрешен коверт ја содржи понудата и носи ознака ″ПОНУДА″, а другиот внатрешен коверт ја содржи документацијата и носи ознака ″ДОКУМЕНТАЦИЈА″.

(4) На предната страна на ковертот на горниот лев агол треба да биде испечатен текст ″НЕ ОТВОРАЈ″ и бројот кој се однесува на тендерот, а во средината на ковертот адреса на која треба да се достави понудата.

Член 10

(1) Јавното отворање на понудите ќе се изврши во просториите на Агенцијата за електронски комуникации на 18.02.2009 година во 13:00 часот.

(2) Претставниците на понудувачите кои ќе присуствуваат на јавното отворање на понудите, треба да и предадат на Комисијата за спроведување на јавниот тендер писмено овластување од понудувачот за учество на јавното отворање.

Член 11

Заинтересираните страни можат да ја добијат тендерската документација во архивата на Агенцијата за електронски комуникации секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот, почнувајќи од 12.01.2009 година, по уплата на износ од 100 евра (сто евра) во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на една од сметките на Агенцијата за електронски комуникации и тоа:

- за уплата во денари
Агенција за електронски комуникации
Жиро сметка: 210060052840142
Депонент Банка: Тутунска Банка АД Скопје
Даночен Број: MK4030005556148
- за уплата во евра
Agencija za elektronski komunikacii
Banka deponent: NLB Tutunska Banka
ul.12-ta Makedonska brigada br.20 Skopje, Republika Makedonija
IBAN MK 07 210 3 00000 2849 48
SWIFT address: TUTNMK 22

Член 12

(1) Лица за контакт од кои заинтересираните страни можат да добијат дополнителни информации исклучиво во писмена форма преку електронска пошта, се лицата вработени во Агенцијата за електронски комуникации:
Лилјана Денковска (за правни прашања) и
Миле Вељанов (за технички прашања)
e-mail: bwa@aec.mk

(2) Сите прашања и одговори во врска со јавниот тендер, ќе бидат објавувани анонимно на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации, со адреса www.aec.mk.

Член 13

Потребната придружна документација ќе биде поблиску специфицирана во тендерската документација.

Член 14

Понудувачите ќе бидат известени за донесената одлука по јавниот тендер во рок од 7 дена од нејзиното донесување.

Член 15

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-240/3 Агенција за електронски комуникации
29 декември 2008 година Комисија
Скопје Претседател,
**Софче Јовановска**, с.р.

---

**112.**

Врз основа на член 17, а во врска со член 45 став 4 и 7 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007 и 98/2008), член 5 и член 35 од Правилникот за ниво на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка и начинот на нивното објавување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/2008) во постапка за измена на Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка – МАТЕРУО на Македонски Телеком АД – Скопје, в.д. директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 31.12.2008 година, донесе

**О Д О Б Р Е Н И Е**

I

Се одобрува измена на Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка – МАТЕРУО, на Македонски Телеком АД – Скопје, доставена под број 08-412886/1 од 13.10.2008 година.

II

Се задолжува Македонски Телеком АД – Скопје, да ја објави на својата веб страница измената на Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка – МАТЕРУО од точка I на ова одобрение, во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на ова одобрение и истата да ја применува првиот ден од наредниот месец.

III

Ова одобрение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи во согласност со член 35 од Правилникот за ниво на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка и начинот на нивното објавување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/2008), Македонски телеком АД – Скопје, на ден 13.10.2008 година, под број 412886/1 до Агенцијата за електронски комуникации достави на одобрување измена на Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка – МАТЕРУО.

При анализата на доставената измена на Референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка – МАТЕРУО се утврди дека истата е изработена во согласност со одредбите на Правилникот за ниво на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка и начинот на нивното објавување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/2008).

Со оглед на ова, а во согласност со член 17 и член 45 став 4 и 7 од Законот за електронските комуникации, како и член 5 од Правилникот за ниво на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтната понуда за разврзан пристап на локална јамка и начинот на нивното објавување, в.д. директорот на Агенцијата за електронски комуникации го донесе ова одобрение.

Бр. 02-302/2
31 декември 2008 година В.д. директор,
Скопје **Петар Иваноски**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-5512-400.
Телефакс: +389-2-5512-401.

Претплатата за 2009 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2009004